**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ВИДОВИ НА ИНСТРУМЕНТИ - КЛАРИНЕТ НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1402-47/5 од 24.2.2016 година донесена на третата седница на Наставно-научниот уметнички совет на Музичката академија, одржана на 24.2.2016 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област видови на инструменти - кларинет на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Рецензентската комисија е во состав:

– проф. м-р Иван Кочаров, редовен професор од наставно - научната област кларинет на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, редовен проф. во пензија, претседател;
– проф. м-р Златка Митева, вонреден професор од наставно-научната област флејта, вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член;
– проф. д-р Владимир Лазаревски, вонреден професор од наставно-научната област обоа и камерна музика, вработен во Македонска филхармонија во Скопје, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Нова Македонија” од 9.2.2016 година и во предвидениот рок се пријави само еден кандидат: доцент д-р Бранко Павловски.

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот уметничкит совет на Музичката академија да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **доцент д-р Бранко Павловски** е роден во 1976 година во Крива Паланка, Р. Македонија. Кларинет почнал да учи во класата на проф. Љупчо Тренчевски во Нижото музичко училиште во Крива Паланка. Своето средно музичко образование од 1991 до 1994 година го продолжил во Музичко-балетскиот училиштен центар „Илија Николовски - Луј“ во Скопје во класата на проф. м-р Иван Кочаров. Во исто време завршил паралелно и природно-математичка гимназија. Во 1998 година дипломирал на Факултетот за музичка уметност во Скопје на Одделот кларинет во класата на проф. м-р Иван Кочаров со оценка 10.0 cum laude и просек на положени испити 9.95. Во 1998 година добил стипендија од Факултетот за музичка уметност во соработка со Интернационалната летна школа по музика во Дартингтон, Англија да учествува на семинар по кларинет кај проф. Данкан Прескот. Во 1998 година ја освоил наградата „26 јули“ од фондот на Франк Харкорд Манинг од Лондон за најдобар студент на Факултетот за музичка уметност во Скопје на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во текот на учебната година 1997/1998 година. Истата година, по повод 8 Октомври - денот на ослободување на Крива Паланка, од страна на Советот на градот му е доделена наградата „8 Октомври“ за постигнати значајни активности и резултати од областа на музичката уметност. Во 1999 година, по повод 50-годишниот јубилеј на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје му е доделена пофалница во знак на признание за постигнат најдобар успех во студирањето на ФМУ во учебната 1997/1998 година.

Бранко Павловски во 1999 година магистрира на Националната музичка академија „Панчо Владигеров“ во Софија, Бугарија во класата на проф. Петко Радев (солист на оркестарот на Миланската скала). Во 2000 завршил постдипломски студии на Академијата за музички уметности во Прага, Чешка во класите на проф. Јиржи Хлавач и проф. Штјепан Коутњик. Во 2001 посетувал курс за офицери во службите на АРМ на Воената

академија во Скопје и стекнал чин офицер на музичка служба. Во 2001 година учествувал на Интернационалната летна школа и фестивал за музика во Дартингтон, Англија, каде што посетувал семинари по кларинет кај Алан Хакер, Дејвид Кембел, Мајкл Увајт, како и камерна музика кај Џулијан Бејкер. Во 2002 година бил на семинар по кларинет кај Јоханес Пајц, во рамките на фестивалот „Денови на музиката" во Емсбурен, Германија. Во 2003 година магистрирал кларинет и на Факултетот за музичка уметност на УКИМ во Скопје, во класата на проф. м-р Иван Кочаров. Бранко Павловски во 2004 година бил на постдипломска специјализација за современа музика за кларинет кај проф. Доминик Видал на „Ecole National de Musique, Ville d'Avray" во Париз, Франција, и во 2005 година на „Conservatoire Nationale de Region, Ville de Versailles" во Париз, Франција, во класата на светски познатиот кларинетист проф. Филип Купер (солист на оркестарот на Париската опера).

Во 2007 година, Бранко Павловски добива целосна стипендија за докторски студии на Државниот универзитет во Лузијана на Факултет за музичка уметност. Во 2008 година ја добил Музичката награда на Луизијана. Бранко Павловски докторирал во 2011 година и се стекнал со титула доктор на музички уметности. Во 2011 година д-р Бранко Павловски од страна на Наставно-научниот уметнички совет на Музичката академија на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип е избран во насловно звање доцент за наставно-научната уметничка област кларинет.

Во текот на своето образование Бранко Павловски учествувал на мајсторски класови кај еминентни кларинетисти како: Ги Данген, Вилијам Блејни, Властимил Мареш, Волтер Сејфарт, Ричард Мекдауел, Луиза Лудевиг–Вердер, Кенет Лонг, Чед Буроу, Карл Лајстер, Јулиа Хаинен.

Како солист и камерен музичар Павловски настапувал во САД, Франција, Англија, Германија, Чешка, Полска, Италија, Бугарија, Грција, Србија и Македонија. Бранко Павловски настапувал на повеќе фестивали во земјава и во странство, како што се: ЛСУ Фестивалот за современа музика во Батон Руж, MusiPoeSci во Париз, Интернационалниот музички фестивал во Дартингтон, Охридско лето, Скопско лето, Златна лира, МодоАрс, Денови на македонската музика, Штипско лето, Манифестацијата по повод денот на словенските просветители св. Кирил и Методиј во Рим, потоа преку програмите на КИЦ, Музичка младина на Македонија и други. Бранко Павловски работел во Воениот оркестар на АРМ, Батон Руж симфонискиот оркестар, а исто така соработувал со Акадиана симфонискиот оркестар, Опера Луизиана, Прага Моцарт оркестарот, Ансамблот за современа музика на националнот конзерваториумот во Версај, ЛСУ Симфонискиот оркестар, ЛСУ Дувачкиот ансамбл, Македонската филхармонија, ФЕИМС Оркестарот и др. Бранко Павловски како оркестарски музичар настапувал под диригентската палка на многу познати диригенти, како што се: Тимоти Мафит, Карлос Риазуело, Петер Рубарт, Џејмс Андерсон, Мурej Сидлин, Франк Викс, Џери Џенкинс, Ричард Хансен, Доналд МекКини, Бил Конти и др.

Бранко Павловски учествувал на повеќе државни и меѓународни натпревари каде што ги освоил следниве награди: Трета награда на МТНА натпреварот по камерна музика во Остин, Тексас, САД, 2008 година, Прва награда во 4 категорија во 1997 година во Битола, Прва награда во 3 категорија во 1994 година во Скопје, Втора награда во 2 категорија на сојузниот натпревар во Херцег Нови во 1991 година, Трета награда во 1 категорија во 1988 година на сојузниот натпревар во Љубљана, Прва награда во 1 категорија во 1998 година – Битола.

Сите стручно-уметнички активности пред изборот во звање доцент на 18 август 2011 г. на кандидатот доц. д-р Бранко Павловски се наведени во рецензијата објавена на 1 јули 2011 г. во Универзитетскиот билтен бр. 63. Може да се констатира дека тој го обезбедил потребниот квантум (75 поени) во сите три графикони од Правилникот освојувајќи вкупно 272.6 поени. Според нив до 8 август 2011 г. доц. д-р Бранко Павловски има реализирно 16 целовечерни солистички концерти во земјава (16x3=48 поени), 7 целовечерни солистички концерти во странство (7x6=42 поени), заеднички камерни концерти во земјава 10 (10x2=20 поени) и заеднички камерни концерти во странство (8x4=32 поени) и е добитник на пет сценско-музички награди за уметнички постигнувања (5x5=25 поени), 8 концерти

во земјава на фестивали (8x1.5=12 поени), 4 концерти на фестивали во странство (4x2=8 поени).

***Критериумите за избор во насловно звање вонреден професор наведени во Конкурсот беа следниве:***

Кандидатот доцент д-р Бранко Павловски ги има сите потребни документи.

Услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор според Правилникот за единствени критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип

***Кандидатот доцент д-р Бранко Павловски:***

- На 18 август 2011 година од страна Наставно-научниот уметнички совет на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип е избран во насловно звање доцент за наставно-научната област: кларинет;
- има завршено докторски студии по интерпретација на кларинет и се стекнал со титула доктор на музички уметности;
- има завршено магистерски студии по интерпретација на кларинет и се стекнал со титула магистер на кларинет;
- има изведено шест целовечерни концерти (во земјава или во странство);
- има преодна просечна оценка од официјалните анкети на студентите на кои им предава;
- има рецензирана скрипта во електронска верзија по предметот за кој се избира од соодветната област објавена во е-библиотеката.

| Бр. | Изведувач | Вид на концерт | Наслов на концертот | Датум на изведба на концертот |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Бранко Павловски Емилија Потевска | Целовечерен солистички рецитал | Концерт на Дуо Павловски-Потевска во ДМУ „Т. Скаловски-Тетоец“, Тетово. | 27.10.2015 |
| 2 | Бранко Павловски Златка Митева Владимир Лазарев Паскал Краповски | Целовечерен камерен концерт | Концерт на Академското дувачко трио во Чешкиот културен центар, Софија, Бугарија | 1.6.2015 |
| 3 | Бранко Павловски Емилија Потевска Георгиос Казикос | Целовечерен солистички рецитал | Концерт на Дуо Павловски-Потевска во Центарот за музика, Солун, Грција | 2.12.2014 |
| 4 | Бранко Павловски Емилија Потевска | Целовечерен солистички рецитал | Концерт на Дуо Павловски-Потевска на Фестивалот „Модоарс“ во У.Г. Даут Пашин амам, Скопје | 4.6.2014 |
| 5 | Бранко Павловски Наташа Трбојевиќ | Целовечерен солистички рецитал | Концерт на Дуо Павловски-Трбојевиќ на Фестивалот „Златна лира“ во Националниот Музеј на Град Скопје | 21.10.2013 |
| 6 | Бранко Павловски Милица Шкариќ | Целовечерен солистички рецитал | Концерт на Дуо Павловски-Шкариќ во У.Г. „Безистен“, Штип. | 11.5.2012 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Од 2011 година до денес д-р Бранко Павловски работи како доцент по кларинет и оркестарски делници на Музичката академија на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Павловски е автор на позитивно рецензирана скрипта по предметот Кларинет за потребите на Универзитетот „Гоце Делчев“. Павловски е ментор на двајца дипломци на прв циклус студии на Музичката академија при УГД. Од 2014 година предава на втор циклус постдипломски студии по предметите Кларинет и Напредни оркестарски делници. Од 2007 година до 2011 година, м-р Бранко Павловски е вработен како асистент по предметите Кларинет и Оркестарски делници, ес кларинет и бас кларинет на Факултет за музичка уметност на Државниот универзитет во Лузијана, САД. Од 2002 до 2003 година бил вработен како хонорарен наставник по предметот Кларинет во Музичкиот балетски училиштен центар „Илија Николовски - Луј“ во Скопје.

***Студентите по кларинет на доц. д-р Бранко Павловски редовно настапуваат на разни видови концерти:***

– 24.12.2015 Новогодишен концерт на Музичката академија - Мултимедијален центар – Штип;
– 12.5.2014 Концерт на студентите од класата по кларинет, концертна сала ФМУ – Штип;
– 22.5.2013 Концерт на студентите од класата по кларинет, концертна сала ФМУ – Штип;
– 25.12.2014 Новогодишен концерт на Музичката академија - Мултимедијален центар – Штип;
– 25.12.2013 Новогодишен концерт на Музичката академија - Мултимедијален центар – Штип;
– 1.7.2014 Концерт на студентите од Вокално-инструменталниот оддел, Уметничка галерија „Безистен“, Штип;
– 17.5.2013 Концерт на студентите од Вокално-инструменталниот оддел, Уметничка галерија „Безистен“, Штип.

***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности***

Од доставената документација, во периодот по изборот на д-р Бранко Павловски во претходното насловно звање доцент во август 2011 година до денес има реализирано одржано 10 целовечерни солистички рецитали во земјава и 2 во странство, 10 целовечерни камерни концерти во земјава и 1 во странство, 5 заеднички настапи на групни концерти во признати концертни сали и тоа:

1. 28.10.2015 Солистички рецитал на Дуо Павловски-Потевска во НУ Центар за култура „Никола Ј. Вапцаров“, Делчево.
2. 27.10.2015 Солистички рецитал на Дуо Павловски-Потевска во ДМУЦ „Тодор Скаловски-Тетоец“, Тетово.
3. 26.10.2015 Солистички рецитал на Дуо Павловски-Потевска на Факултетот за музичка уметност на Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип.
4. 24.9.2015 Настап на Свечена академија на Универзитетот „Гоце Делчев“ со Трио Академико во Мултимедијален центар на УГД, Штип.
5. 6.6.2015 Солистички концерт на Павловски-Потевска-Казикос на Фестивалот за современа музика МодоАрс 2015, во НГ Даут Пашин амам, Скопје.
6. 1.6.2015 Концерт на камерна музика на Академското дувачко трио во Чешкиот културен центар во Софија, Бугарија.
7. 28.5.2015 Концерт на камерна музика на Академското дувачко трио во Концертната сала на Факултетот за музичка уметност на Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип.
8. 2.12.2014 Солистички концерт на Павловски-Потевска-Казикос во Центарот за музика, Солун, Грција.
9. 1.12.2014 Солистички концерт на Павловски-Потевска-Казикос во Театарот при Гермаското школо, Солун, Грција.
10. 26.11.2014 Концерт на камерна музика на Трио Академико во НУ Центар за култура, Битола.

11. 15.10.2104 Настап на Хуманитарен концерт за д-р Евица Бојаџиева со Трио Академико во Мултимедијален центар на УГД, Штип.
12. 27.08.2014 Настап на Концертот на Интернационалниот летен камп Струмица, 2014, со квартет кларинети Кларион во НУЦК „Антон Панов", Струмица.
13. 7.7.2014 Концерт на камерна музика на Трио Академико на Фестивалот Скопско лето 2014 во НГ Даут Пашин амам, Скопје.
14. 4.6.2014 Солистички рецитал на Дуо Павловски-Потевска на Фестивалот за современа музика МодоАрс 2014, во НГ Даут Пашин амам, Скопје.
15. 2.6.2014 Солистички рецитал на Дуо Павловски-Потевска на Фестивалот за современа музика МодоАрс 2014, во Ликовен салон, Велес.
16. 20.5.2014 Концерт на камерна музика на Трио Академико во НУЦК „Трајко Прокопиев", Куманово.
17. 16.5.2014 Концерт на камерна музика на Трио Академико во НУЦК „Ацо Шопов", Штип.
18. 14.5.2014 Концерт на камерна музика на Трио Академико во Ликовен Салон, Велес.
19. 13.5.2014 Концерт на камерна музика на Трио Академико во НУЦК „Антон Панов", Струмица.
20. 21.11.2013 Концерт на камерна музика на Трио Академико во Мултимедијален центар, Кочани.
21. 23.10.2013 Солистички рецитал на Дуо Павловски-Трбојевиќ на Фестивалот Златна лира 2013 во Националниот музеј на Град Скопје.
22. 21.10.2013 Солистички рецитал на Дуо Павловски-Трбојевиќ на Факултетот за музичка уметност на Универзитетот „Гоце Делчев", Штип.
23. 14.9.2013 Концерт на камерна музика на Трио Академико на Интернационалната конференција за ИТ во Св. Софија, Охрид.
24. 5.10.2013 Издание на ЦД со настап на квинтетот Нова, снимено во живо на „Денови на македонската музика -2013".
25. 23.7.2013 Концерт на камерна музика на Трио Академико во Уметничката галерија „Безистен" – Штип.
26. 1.4.2013 Настап на Концертот Made in Macedonia со квинтетот Нова на 36. фестивал Денови на македонска музика во Националниот музеј на Град Скопје.
27. 2.10.2012 Концерт на Дувачкиот оркестар на УГД – Штип на Фестивалот на класична музика Интерфест, НУЦК, Битола.
28. 11.5.2012 Солистички рецитал на Дуо Павловски-Шкариќ во Националната галерија Безистен, Штип
29. 3.5.2011 Солистички рецитал на Бранко Павловски – соло кларинет во салата на Св. Албан, Батон Руж, САД.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

30. Во 2014 година доц. д-р Бранко Павловски има одржано предавање и пет дневен семинар по кларинет на Летниот музички камп 2014 во Струмица.
31. Од 2011 до 2014 година Павловски е составен член на 2 стручни тима во Бирото за развој на образованието при МО кои изготвувале наставни програми по предметот Кларинет за основното и средното музичко образование за територијата на цела Р. Македонија.
32. Доцент д-р Бранко Павлвоские е редовен член на комисиите на Музичката академија во Штип за приемни испити, завршни испити и признавање на испити. Павловски редовно учествува и во изготвувањето на наставните програми на Катедрата за дувачки инструменти по предметот Кларинет при Факултетот за музичка уметност, согласно со промените на ЕКТС од основањето на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Од целокупната наведена активност на кандидатот доцент д-р Бранко Павловски, детално е претставено дека ги исполнува сите предвидени услови за избор во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област видови на инструменти - кларинет на Музичката академија наведени во член 127 од Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Кандидатот, преку остварените досегашни активности, покажа способности за развивање на наставно-образовната дејност, за стручно-уметничките активности преку активно концертирање и за организациско-развојните дејности на Универзитетот „Гоце Делчев“. Поради претходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот уметнички совет да го усвои нашиот предлог и го избере кандидатот доцент д-р Бранко Павловски во **насловно звање вонреден професор** за наставно-научната област видови на инструменти **– кларинет на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. м-р Иван Кочаров, претседател, с.р.**
**Проф. м-р Златка Митева, член, с.р.**
**Проф. д-р Владимир Лазаревски, член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **4.** | Избор во звање доцент за периодот од 18.8.2011 г. до денес | 1 | 30 | | | **30** |
| | ВКУПНО | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Изведба на целовечерен солистички концерт во призната сала или фестивал: 10 во земјата (р. бр. 1,2,3,5,6,14,15,21,22,28) и 2 во странство (р. бр. 8,29) | 10 | 6 | 2 | 8 | **76** |
| **6.** | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт: 10 целовечерни камерни концерти во признати сали во земјава (р. бр. 7, 10, 13, 16, 17, 18, 19, 20, 23, 25) и 1 во странство (р. бр. 6) | 10 | 3 | 1 | 6 | **36** |
| **7.** | Секциско предавање на научен собир и еден музички настап на официјален концерт (настап на камерен концерт во траење од 20 мин. (р. бр. 4,11,12,24,27) | 5 | 2 | | | **10** |
| **10.** | Одбранета докторска теза | | | 1 | 8 | **8** |
| | **Вкупно** | | | | | **130** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **8.** | Одржан семинар, 2014, Струмица (р. бр. 30) | 1 | 3 | | | **3** |
| **17** | Експертизи, член на стручни тимови во Биро за развој при МО (р. бр.31) | 1 | 2 | | | **2** |
| **28** | Член на факултетски орган, комисија (р. бр. 32) | 3 | 2 | | | **6** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **11** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **171** |